Службен весник на РМ бр. 201/16

Врз основа на член 22 став 6 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ОТКУПУВАЧИ НА ТУТУН

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на откупувачи на тутун.

Член 2

Барањето за упис во Регистарот на откупувачи на тутун се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Член 3

Барањето за упис во Регистарот на откупувачи на тутун ги содржи следните податоци:

- во средината на барањето и

-во табела се запишани податоци за: назив на правното лице-откупувач, единствен даночен број (ЕДБ), седиште и адреса, лице за контакт и е-маил адреса, дејност, број и датум на решение со кое е извршен упис во трговскиот регистар, планирана количина за откуп во тони, број, датум, место за печат и потпис на одговорно лице во правното лице.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и формата на образецот за поднесување барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун (Службен весник на Република Македонија"бр.10/07 и 52/14).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.14-4077/5 Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

________2014 година м-р Михаил Цветков, с.р.

Скопје

**Прилог**

**БАРАЊЕ**
**ЗА**
**ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ОТКУПУВАЧИ НА ТУТУН**

| | |
|---|---|
| Назив на правното лице - откупувач | |
| Единствен даночен број (ЕДБ) | |
| Седиште и адреса | |
| Лице за контакт и е-меил адреса | |
| Дејност | |
| Број и датум на решение со кое е извршен упис во трговскиот регистар | |
| Планирана количина за откуп во тони по типови | |

**Бр.__________________**

**Датум_________________**

**потпис на одговорно лице**
**во правното лице**
_________________________

**М.П.***

***Печат не ставаат трговските друштва**
**согласно Законот за трговски друштва**

за административна такса од 1.500,00 денари,
на трансакциска сметка 100 0000000630 95,
уплатна сметка 840 ___ 03161 и
приходна шифра и програма 722313 00